*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-94*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен Измена и дополнување на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- од југ и југоисток со осовина на ул."Никола Бастов",
- од североисток со осовина на магистрален пат А3 ( експресен пат)
- од запад и северозапад со следниве катастерски парцели КП 159, КП 157, КП 150, КП 893, КП 889, КП 380.

Планот се изработува врз основа на извод од УПС за село Три Чешми. Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 14,47ха.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по Измена и дополнување

на БЛОК 1 од УПС Три Чешми, КО Три Чешми,Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 34 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 13 октомври 2026 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник
Иван Јорданов